



# ЗЕЛС
## ГЛАСИЛО

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# BNJVL
## GAZETË

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SE MAQEDONISË




07 • 2009

## ЗЕЛС ДОНИРА ОПРЕМА
ЗА СИМУЛТАН ПРЕВОД НА 29 ОПШТИНИ

## КЛУЧОТ ЗА СОФТВЕРОТ
НА „ОПШТИНСКИТЕ ЦЕНТРИ ЗА УСЛУГИ“, СУДЕП МУ ГО ПРЕДАДЕ НА ЗЕЛС

## BNJVL U DONON PAJISJE
PËR PËRKTHIM SIMULTAN 29 KOMUNAVE

## ÇELËSIN PËR SOFTUERIN
E QENDRAVE KOMUNALE PËR SHËRBIME, SUDEP I’A DORËZOI BNJVL-SË

Почитувани,

Активностите на ЗЕЛС во текот на месец јули се одвиваа со голем интензитет. Особено значајна беше завршната манифестација што се организираше во Општина Чаир, по повод потпишувањето на договорите меѓу ЗЕЛС и секоја од 29 –те општини на кои ЗЕЛС им обезбеди инсталирање на опрема за симултан превод. Оаа активност на ЗЕЛС е дел од Акциониот план и Проектот ,,Самостојност на ЗЕЛС и услуги" а со кој им се овозможи на овие општини да го реализираат, на со устав загарантираното право за употреба на својот мајчин јазик во општините во кои има повеќе од 20% од претставниците на етичките заедници. Опремата е инсталирана во општинските сали каде советите одржуваат седници и овозможува симултан превод на два јазика, освен во четирите општини Крушево, Гостивар, Чучер Сандево и Шуто Оризари, каде симултаниот превод може да се одвива и на три јазици. Во рамките на овој проект ЗЕЛС набави опрема и за своите простории, каде се одржуваат бројни состаноци и седници на комисии и на Управениот Одбор. Средствата за реализација на овој проект, во износ од 27 милиони денари, претставуваа дел од директната финансиска подршка што ЗЕЛС ја доби од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ). Во текот на овој месец беше реализирана и завршна конфренција на Проектот СУДЕП, преку кој 36 општини добија опрема за центрите за услуги на граѓаните, унифициран софтвер за услугите и обука на администрацијата за негово користење, по што клучот на софтверот го доби ЗЕЛС.Тоа значи дека сите заинтресирани општини кои во иднина ќе сакаат да отворат вакви центри и во својата општина ,може да се обратат во ЗЕЛС. Во текот на овој месец беа реализирани и повеќе соработки со меѓународните организации и значајни владни претставници на странски држави. Во посета на ЗЕЛС беше министерката задолжена за локална самоуправа и регионален развој на Република Словенија, Злата Плоштајнер, потоа претседателот на францускиот регион Долна Нормандија Лоран Бове, каде минатиот месец група градоначалници посетија повеќе градови од овој регион. Исто така со подршка на ГТЗ градоначалниците од четири региони во земјава имаа студиска посета во Германија и Австрија, од каде собраа бројни искуства за реализација на регионални проекти. ЗЕЛС ги започна и активностите околу подготовката на Прирачник на ИКТ локални стратегии, одржа две работилници за запознавање на активностите на Комисиите за односи меѓу заедниците, а од страна на Комисијата за финансирањер и буџет на ЗЕЛС беше разгледана пработен документ за актуелните состојби со финансирањето на општините во Македониј и можни идни реформи. За сите овие содржини може да прочитате во јулскиот број на Гласилото на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС



Të nderuar,

Aktivitetet e BNJVL-së në rrjedhat e muajit korrik u zhvilluan me intensitet të madh. Veçanërisht i rëndësishëm ka qenë manifestimi përmbyllës që u organizua në Komunën e Çairit, me rastin e firmosjes së kontratave ndërmjet BNJVL-së dhe secilave nga 29 komuna të cilave BNJVL u siguroi instalimin e pajisjes për përkthim simultan. Ky aktivitet i BNJVL-së është pjesë nga plani akcionar dhe projekti ,,Pavarësia e BNJVL-së dhe shërbimeve" dhe me të cilat ju mundësua këtyre komunave t'a realizojnë, me kushtetutë të drejtën e garantuar për përdorimin e gjuhës amëtare në komunat në të cilat ka më shumë se 20% nga përfaqësuesit e bashkësive etnike. Pajisja është e instaluar në sallat komunale ku këshillat mbajnë seanca dhe mundësojnë përkthim simultan në dy gjuhë, përveç se në katër komunat Krushevë, Gostivar, Çuçer Sandevë dhe Shuto Orizarë, ku përkthimi simultan mundet të zhvillohet në tre gjuhë. Në kuadër të këtij projekti BNJVL furnizoi pajisje edhe për hapësirat e saja, ku mbahen mbledhje dhe seanca të shumta të komisioneve dhe të Bordit drejtues. Mjetet për realizimin e këtij projekti, në vlerë prej 27 milionë denarë, paraqesin pjesë nga përkrahja direkte financiare që BNJVL e morri nga Agjencioni Zviceran për zhvillim dhe bashkëpunim (SDC). Në rrjedhat e këtij muaji ishte realizuar edhe konferenca përfunduese e Projektit SUDEP, nëpërmjet të cilit 36 komuna fituan pajisje për qendrat për shërbime të qytetarëve, softver të unifikuar për shërbimet dhe trajnim të administratës për përdorimin e tyre, me çka çelësin e softverit e morri BNJVL. Kjo do të thotë se të gjitha komunat e interesuara të cilat në të ardhmen do të dëshirojnë të hapin qendra të tilla edhe në komunën e vet, mund të drejtohen tek BNJVL. Në rrjedhat e këtij muaji ishin realizuar edhe shumë bashkëpunime me organizatat ndërkombëtare dhe me përfaqësues të rëndësishëm qeveritar të shteteve të huaja. Në vizitë në BNJVL ishte ministrja e vetëqeverisjes lokale dhe zhvillimit regjional të Republikës së Sllovenisë, Zllata Ploshtajner, pastaj kryetari i regjionit frances Normandi e Poshtme Lloran Bove, ku muajin e kaluar pjesë e disa kryetarëve vizituan më shumë qytete nga ky regjion. Gjithashtu me përkrahje të GTZ kryetarët nga katër regjione nga vendi patën vizitë studimore në Gjermani dhe Austri, nga ku mblodhën përvoja të shumta për realizimin e projekteve regjionale. BNJVL i filloi edhe aktivitetet rreth përgatitjes së Doracakut për TKI strategji lokale, mbajti dy punëtori për njohjen e aktiviteteve të Komisionit për financim dhe buxhet të BNJVL-së ku ishte i nevojshëm dokument për gjendjet aktuale me financimin e komunave në Maqedoni dhe reforma të mundshme në të ardhmen. Për të gjitha këto përmbajtje mund të lexoni në numrin e korrikut të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 66, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**Извршен директор на ЗЕЛС**
Душица Перишиќ

**Заменик извршен директор на ЗЕЛС**
Ардита Дема

**Уреднички колегиум**
Весна Арсовска - Динковска, Наташа Вртеска, Виктор Арнаудовски

**Дизајн и подготовка за печат**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**Печати**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së**
Dushica Perishiq

**Zëvendës drejtor ekzekutiv**
Ardita Dema

**Bordi redaktues**
Vesna Arsovska - Dinkovska, Natasha Vrteska, Viktor Arnaudovski

**Pergatitje per shtyp**
PRINT CENTAR

**Shtyp**
PRINT CENTAR

# ЗЕЛС ИМ ПОМАГА НА ОПШТИНИТЕ ВО СТАНДАРДИЗИРАЊЕТО НА ТУРИСТИЧКИТЕ ЗНАЦИ ВО ОТСУСТВО НА ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА

Во отсуство на законска регулатива во нашата земја, за примена на стандардизирани и унифицирани туристички знаци на цела територија, и со цел одбегнување на шаренилото во одбележувањето на значајни туристички дестинации или објекти во земјава, ЗЕЛС со поддршка на Холандската развојна заедница (СНВ) изготви „Прирачник за локални туристички знаци во согласност со европските искуства".

Прирачникот е од исклучително значење за општините и ќе придонесе тие да изградат методи, техники и пристапи за решавање на проблематиката со туристичките знаци и ќе им ја олесни работата на општинските органите во пристапат кон регулирањето на оваа материја. Европските стандарди за туристички знаци беа патоказ за стручните лица од општините Сарај, Чаир и Ѓорче Петров кои учествуваа во подготвувањето на Прирачникот. Вака подготвениот Прирачник претставува рамка која во иднина може да се менува и надополнува согласно потребите што ќе произлезат при неговата примена.

На завршната работилница за изготвување на Прирачникот одржана минатиот месец беше потенцирано дека по еден бесплатен примерок ќе добијат сите општини, а СВН ќе пристапи кон директна примена на изнесените правила, во три општини: Чаир, Берово и Маврово Ростуше. Беше укажано дека, во отсуство на законска регулатива, овие понудени правила може доброволно да ги примени секоја општина, по претходно прифаќање на предлозите од општинскиот совет. Општините во Град Скопје, ќе треба да добијат дополнително одобрување и од Градот,а за поставување на вакви знаци на магистрални патишта, потребна е дозвола и од Агенцијата за државни патишта. Претставник од Министерството за транспорт и врски, најави дека МТВ прави обиди во рамките на Правилникот за сообраќајни знаци, опрема и сигнализација да се инкорпорираат одредби кои се однесуваат и на туристичката инфраструктурна сигнализација, а Прирачникот на ЗЕЛС ќе претставува солидна база за имплементирање на одредени решенија. Присутните беа информирани дека е формирана работна група која работи на изготвување на националните стандарди за сообраќајни и туристички знаци.Особено е значајно што изготвувањето на овој Прирачник ја поттикна идејата за донесување на Правилник за туристичка и друга сигнализација на патиштата и сигнализирa за итната потреба од создавање на законска рамка и за решавање на оваа материја, особено што поставувањето на туристичките знаци претставуваат дополнителна подршка во развојот на локалната економија. Прирачникот е прикачен и на web страната на ЗЕЛС, www.zels.org.mk (од левата страна).

# BNJVL I NDIHMON KOMUNAT NË STANDARDIZIMIN E SHENJAVE TURISTIKE NË MUNGESË TË VENDIMEVE LIGJORE

Në mungesë të rregullativës ligjore në vendin tonë, për zbatimin e shenjave turistike të standardizuara dhe të unifikuara në tërë territorin, dhe me qëllim shmangien e destinacioneve të rëndësishme turistike ose objekte në vend, BNJVL me përkrahje të Bashkësisë holandeze për zhvillim (SNV) përgatiti „Doracak për shenja turistike lokale në pajtueshmëri me përvojat europiane".

Doracaku është me rëndësi të madhe për komunat dhe do të kontribon ato të ndërtojnë metoda, teknika dhe qasje për zgjidhjen e problematikës me shenjat turistike dhe do t'ua lehtëson punën organeve të komunave që të aderojnë kah rregullimi i kësaj materie. Standardet europiane për shenja turistike ishin tregues për personat profesional nga komunat Saraj, Çair dhe Gjorçe Petrov të cilat morrën pjesë në përgatitjen e Doracakut. Tashmë doracaku i hartuar paraqet kornizë i cili në të ardhmen mundet të ndryshohet dhe të plotësohet konform nevojave që do të dalin gjatë zbatimit të tij.

Në punëtorinë përmbyllëse për përgatitjen e Doracakut mbajtur muajin e kaluar ishte potencuar se nga një ekzemplar falas do të marrin të gjitha komunat, ndërsa SVN do të përfshihet kah zbatimi direkt i rregullave të paraqitura, në tre komuna: Çair, Berovë dhe Mavrovë dhe Rostushe. U theksua se, në mungesë të rregullativës ligjore, këto rregulla të ofruara mundet vullnetarisht t'i zbaton secila komunë, pas pranimit paraprak të propozimeve nga këshilli komunal. Komunat në Qytetin e Shkupit, do të duhet të marrin miratime plotësuese edhe nga Qyteti, dhe për vendosjen e shenjave të tilla të rrugëve magjistrale, e nevojshme është leje edhe nga Agjencioni për rrugë shtetërore. Përfaqësues nga Ministria për transport dhe lidhje, përmendi se MTL bënë përpjekje në kuadër të Rregullores për shenja të komunikacionit, pajisje dhe sinjalizim, ndërsa Doracaku i BNJVL-së do të paraqet bazë solide për implementimin e vendimeve të caktuara. Pjesëmarrësit ishin të informuar se është formuar grup punues që punon në përgatitjen e standardeve nacionale për shenja të komunikacionit dhe turistike. Veçanërisht është i rëndësishëm që përgatitja e këtoj Doracaku e nxiti idenë për sjelljes e Rregullores për sinjalizim dhe turistik të rrugëve dhe sinjalizoi për nevojën e menjëhershme nga krijimi i kornizës ligjore dhe për zgjidhjen e kësaj materie, veçanërisht që dëshira e vendosjes së shenjave turistike paraqesin përkrahje plotësuese në zhvillimin e ekonomisë lokale. Doracaku është i vendosur në ueb faqen e BNJVL-së, www.zels.ork.mk (nga ana e majt e faqes).

# ПОГОЛЕМА СВЕСНОСТ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ЗА ПРЕОПОЗНАВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА УРБАНОТО НАСЛЕДСТВО

Урбаното и архитектонско наследство што го имаме во нашата земја, локалните власти треба да го препознаваат и да се грижат за неговата заштита и наместо во немилост на времето, тоа да се стави во организиран систем на заштита и промоција. Во Македонија се уште нема законски рамки со кои ќе се олесни работата на општините на планот на заштитата на архитектонското наследство. На ова поле македонските општини добиваат подршка преку Француската национална асоцијација на градови со историја и уметност и заштитени зони и сектори, Францускиот центар за соработка-Скопје и Француската Амбасада, кои помогнаа во формирањето на Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство, чие седиште е во Велес. Оваа асоцијација досега има 20 членки од кои 15 се активни, а се очекува да се приклучат и други градови и општини од земјата, чија свест за значењето на заштитата на старата ахритектира и нејзиниот придонес во развојот на туризмот и воопшто локалниот развој е на високо ниво. Всушност и на втората седница на Управниот Одбор на ЗЕЛС, претседателот на Асоцијацијата и градоначалник на Општина Велес, Горан Петров ги информираше претставниците на локалните власт за активностите и ги покани сите заинтересирани општини, кои сакаат да ги заштитат своите архитектонски богатства, активно да се вклучат во работата на асоцијацијата. Токму на ова поле, локалните власти во Македонија добија голема подршка од соработката со Француската национална асоцијација, при што беше направена инвентаризација на Старата Скопска чаршија и чаршијата во Битола и беа креирани урбани стрип мурали во Велес по примерот на градот Ангулем. Соработката беше продлабочена и со стипендии за двајца претставници од македонските.

По повод одбележувањето на 10 годишнината од македонско-француската соработка во областа на архитектонското наследство, во Скопје, во јуни беше одржана Конференција посветена на постигнатите резултати во заштитата и афирмацијата на архитектонското наследство во нашата земја. Настанот го организираа Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство со седиште во Велес, Француската национална асоцијација, Францускиот центар за соработка-Скопје, а го поддржаа Министерството за култура и Амбасадата на Република Франција. Конференцијата ја отвори Коце Трајановски претседател на ЗЕЛС и градоначалник на Град Скопје кој како и Амбасадор на Р.Франција во Македонија, Бернар Валеро и министерката за култура на Р. Македонија, Елизабета Канческа Милевска говореа за значењето на соработката и размената на искуства на ова поле. Присутните архитекти од петнаесетина општини во Македонија на оваа Конференција ја нагласија потребата од донесување на закон кој ќе ја олесни работата на општините на планот на заштитата на архитектонското наследство.

# VETËDIJA MË E MADHE E PUSHTETEVE LOKALE PËR NJOHJEN DHE MBROJTJEN E TRASHËGIMISË URBANE

Trashëgiminë urbane dhe arkitekturore të cilën e kemi në vendin tonë, pushtetet lokale duhet t'a njohin dhe të kujdesen për mbrojtjen e saj, dhe në vend të lënies në pamëshirën e kohës , ajo të vendoset në një sistem të organizuar për mbrojtje dhe promovim. Në Maqedoni ende nuk ka korniza ligjore me të cilat do të lehtësohet puna e komunave për planin e mbrojtjes së trashëgimisë arkitekturore. Në këtë fushë komunat e Maqedonisë fitojnë përkrahje nëpërmjet të Asociacionit nacional francez të qyteteve me histori dhe art dhe zona dhe sektore të mbrojtura, Qendra françeze për bashkëpunim –Shkup dhe Ambasada françeze, të cilat ndihmuan në formimin e Asociacionit të qyteteve të Maqedonisë me trashëgimi arkitekturore, selia e së cilës është në Veles. Ky asociacion deri më tani ka 20 anëtare, nga të cilat 15 janë aktive, e pritete që të kyçen edhe qytete dhe komuna tjera nga vendi, vetëdija e së cilit për domethënien dhe mbrojtjen e arkitekturës së vjetër dhe kontributit të saj në zhvillimin e turizmit dhe në përgjithësi në të zhvillimit lokal është në nivel të lartë. Gjegjësisht edhe në seancën e dytë të Bordit drejtues të BNJVL-së, kryetari i Asociacionit dhe kryetari i komunës së Velesit, Goran Petrov, i informoi përfaqësuesit e pushteteve lokale për aktivitetet dhe i ftoi të gjitha komunat e interesuara, të cilat dëshirojnë ti mbrojnë pasuritë e tyre arkitekturore, në mënyrë aktive të kyçen në punën e asocioacionit. Pikërisht në këtë fushë, pushtetet lokale në Maqedoni fituan përkrahje të madhe nga bashkëpunimi me Asociacionin nacional francez u bë inventarizimi i Çarshisë së Vjetër të Shkupit dhe Çarshisë në Manastir, u ishin krijuar strip murale urbane në Veles sipas shembullit të qytetit Angule. Bashkëpunimi u thellësua me bursat për dy përfaqësues nga Maqedonia.

Me rastin e shënimit të 10 vjetorit të bashkëpunimit maqedono-françez, në qershor u mbajt konferencë dedikuar rrezultateve të arritura në mbrojtjen dhe afirmimin e trashëgimisë arkitekturore në vendin tonë. Evenimentin e organizoi Asociacioni i qyteteve të Maqedonisë për trashëgime arkitekturore me seli në Veles, Asociacioni nacional françez, Qendra françeze për bashkëpunim – Shkup, ndërsa e përkrahën Ministria e kulturës dhe Ambasada e Republikës së Francës. Konferencën e hapi Koce Trajanovski kryetar i BNJVL-së dhe kryetar i qytetit të Shkupit, ndërsa Ambasadori i R. së Francës në Maqedoni, Bernar Valero dhe ministri për kulturë Elizabeta Kançeska Milevska folën për domethënien a bashkëpunimit dhe shkëmbimit të përvojave në këtë fushë. Akrkitektët e pranishëm nga 15 komunat e Maqedonisë në këtë konferencë e theksuan nevojën e komunave në planin e mbrojtjes së trashëgimisë arkitekturore.




# КЛУЧОТ ЗА СОФТВЕРОТ НА „ОПШТИНСКИТЕ ЦЕНТРИ ЗА УСЛУГИ“ , СУДЕП МУ ГО ПРЕДАДЕ НА ЗЕЛС

Граѓаните во 36 општини во земјава, преку ,,Општинските информативни центри,, во иднина ќе добиваат унифицирани и стандардизирани услуги и информации од повеќе области што се во надлежност на локалните власти., односно ќе добиваат воеднчени услуги што се однесуваат на општинската организациона структура, надлежностите, комуналните услуги, процедури за добивање на различни видови дозволи, процедури за регистрација на нови бизниси, проекти со меѓународни донатори, соработка со НВО и друго. Овие канцеларии се формираа во изминатите две години, со финансиска подршка на Европската Унија, преку Проектот ,,Подршка на процесот на децентрализација", што го имплементираше Финската консалтинг меѓународна група, поткрепена со голем број домашни експерти. Проектот опфаќаше опремувањето на канцелариите и инсталирање на унифициран софтвер кој ќе обезбедува понуда на стандардизирани услуги и информации за граѓаните, а преку Проектот беа обезбедени и обуки за вработените во центрите за негово користење. Со официјалното затворањето на овој проект, на 2 јули 2009 година, на свеченост што се оддржа во хотелот ,,Александар Пала,, во Скопје, клучот, односно правото за користење на софтверот, Прокетот СУДЕП му го предаде на ЗЕЛС. Тоа значи дека сите општини кои во иднина ќе бидат заинтерсирани за воведување на вакви центри за услуги во рамките на својата општина, ќе може да се обратат во нивната Асоцијација. Сличен тип на вакви центри, поддржувани од други мегународни организации присутни во нашата земја и отворани во општините ја наметнаа потребата од унифицирање и стандардизирање на сите процедури за сите информативни центри. Како што рече Претседателот на ЗЕЛС во својот говор, при свеченото затворање на Проектот,, ,,Заложбата на ЗЕЛС ќе биде искуствата од овие 36 центри да ги пренесеме и пресликаме во останатите општини, со цел да им се овозможи на сите граѓани да добиваат подеднакви услуги. При тоа ќе биде разгледана и можноста за донесување на национална стратегија или Концепт во кој ќе бидат сублимирани сите важни прашања околу стандардизирањето и унифицирањето на процедурите, одржувањето и надоградувањето на овие центри кои се од особена важност за децентрализацијата и приближувањето на земјата кон Европската Унија " Според Трајановски општинските центри претставуваат посредник меѓу општината и граѓаните кои треба да бидат постојано информирани за активностите на нивната локална самоуправа. На свеченоста присуствуваше и евроамбасадорот Ерван Фуере кој меѓу другото им порача на градоначалниците дека постапките од типот на промена на луѓето кои биле обучувани за извршување на обврските во овие центри е неплодотворна, бидејќи го уназадува напредокот на локалната власт и го забавува процесот за евроинтегрирање на земјата. Тој исто така истакна дека токму овие центри во иднина ќе придонесат за зголемување на транспарентноста и намалување на корупцијата во општините. Министерот за локална самоуправа, Муса Џафери, пак, потенцираше дека централната власт секогаш ќе подржува Проекти кои придонесуваат кон јакнење на капацитетите на локалните власти и обезбедуваа успешно и кавлитетно извршување на доверените надлежности.




# ÇELËSIN PËR SOFTUERIN E QENDRAVE KOMUNALE PËR SHËRBIME, SUDEP I'A DORËZOI BNJVL-SË

Qytetarët në 36 komunat në vend, perms „Qendrave informative komunale” do të fitojnë shërbime dhe informacione të unifikuara dhe të standardizuara për çështje të cilat kanë të bëjnë me strukturën organizative komunale, kompetencat, shërbimet komunale, procedurat për marrjen e lejeve të ndryshme, procedurat për regjistrimin e bizneseve të reja, projekte me donatorë ndërkombëtarë, bashkëpunim me OJQ etj. Këto zyre u formuan në dy vitet e kaluara, me përkrahje financiare të Unionit Evropian, përmes projektit „Përkrahje e procesit të decentralizimit”, të cilin e implementoi grupi konsallting finlandez ndërkombëtar, me përkrahjen e një numri të madh të ekspertëve vendor. Projekti përfshinte pajisje të zyreve dhe instalim të një softueri të unifikuar i cili do të sigurojë ofertë për shërbime të standardizuara dhe informacione për qytetarët, e përmes projektit janë siguruar edhe trajnime për të punësuarit në qendrat për shfrytëzimin e tyre. Me mbylljen oficiale të këtij projekti, më 2 korrik të vitit 2009, në solemnitetin e mbajtur në hotelin „Aleksandar Pallas” në Shkup, çelësin, përkatësisht të drejtën për shfrytëzimin e softuerit, projekti SUDEP i'a dorëzoi BNJVL-së. Kjo do të thotë se të gjitha komunat të cilat në të ardhmen do të jenë të interesuara për futjen e qendrave të këtilla për shërbime në suazat e komunës së saj, do të mund të drejtohen në asociacionin e tyre. Lloje të ngjashme të qendrave të këtilla u përkrahën edhe nga organizatat tjera ndërkombëtare të pranishme në vendin tonë, për shkak të së cilave u hap nevoja për unifikimin e tyre dhe standardizimin e procedurave. Siç theksoi edhe kryetari i BNJVL-së në fjalimin e tij gjatë hapjes solemne të projektit „përpjekja jonë do të jetë që përvojat nga këto 36 qendra t'i transferojmë dhe t'i paraqesim në komunat tjera, me çka do të duhet t'u kushtohet vëmendje unifikimit të tyre dhe standardizimit, me qëllim që t'u mundësojë të gjithë qytetarëve të fitojnë kushte të barabarta nga këto qendra. Pastaj do të shqyrtohet edhe mundësia për sjelljen e strategjisë nacionale ose konceptit në të cilin do të sublimohen të gjutha çështjet e rëndësishme rreth standardizimit dhe unifikimit të procedurave, për përparimin e decentralizimit dhe njëkohësisht afrimit të vendit tonë drejt Unionit Evropian”. Sipas Trajanovskit qendrat komunale paraqesin ndërmjetësues midis komunës dhe qytetarëve të cilët vazhdimisht duhet të jenë për aktivitetet e vetëqeverisjes së tyre lokale. Në solemnitet morri pjesë edhe euroambasadori Ervan Fuere i cili midis tjerash i këshilloi kryetarët e komunave se procedurat e tipit të ndërrimit të njerëzve të cilët kanë qenë të trajnuar për kryerjen e obligimeve në këto qendra nuk është frytëdhënëse sepse e ndalon përparimin e pushtetit lokal dhe e ngadalëson procesin për eurointegrimin e vendit. Në solemnitet morri pjesë edhe euroambasadori Ervan Fuere i cili midis tjerash i këshilloi kryetarët e komunave se procedurat e tipit të ndërrimit të njerëzve të cilët kanë qenë të trajnuar për kryerjen e obligimeve në këto qendra nuk është frytëdhënëse sepse e ndalon përparimin e pushtetit lokal dhe e ngadalëson procesin për eurointegrimin e vendit. Ai gjithashtu theksoi se këto qendra në të ardhmen do të kontribuojnë për rritjen e transparencës dhe zvogëlimin e korrupcionit në komunë. Ministri për vetëqeverisje lokale, Musa Xhaferi, potencoi se pushteti qëndror çdoherë do t'i përkrah projektet të cilat do të kontribuojnë në përforcimin e kapaciteteve të pushtetit lokal dhe sigurimit të kryerjes së suksesshme dhe kualitative të kompetencave të besuara.

# ОТВОРЕНИ МОЖНОСТИ

## ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИ ПРОЕКТИ ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНИ И КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ

Во просториите на ЗЕЛС, на 15 јули, 2009 година, беше одржана средба на членовите на Управниот Одбор на ЗЕЛС и претставници од Министерството за транспорт и врски, предводени од министерот Миле Јанакиески. Разговорите беа концентрирани на воспоставување на взаемна соработка за кердитот што Владата го договара со Европската инвестициона банка, во висина од 50 милиони евра, планиран за подршка на проекти за изградба и реконструкција на водоводни и канализациони системи во руралните средини во општините.

„На иницијатива на министерот Јанакиевски, на овој состанок членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС беа запознаени со намерите на Владата на РМ да им помогнат на локалните власти да го зголемат квалитетот на услугите кон своите граѓани во областа на подобрување на водоснабдувањето и изградбата на канализационите системи. Разговаравме за развивањето на взаемната соработка на ова поле, особено за одредени парашања кои се однесуваат на тоа како општините да ги прикажат своите реални потреби и на што треба да го насочат своето внимание при изготвувањето на проектите, се со цел да се обезбеди кредитот, односно тој да биде ефикасно и ефективно искористен", рече претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски веднаш по средбата. Претставниците на МТВ укажаа дека до општините доставиле прашалници и упатство за нивно пополнување, чии информации ќе послужат за изготвување на база на податоци за реалните потреби на општините, како и за нивото на нивната подготвеност со проекти од оваа област. Информираа дека од 27 јули, делегација од ЕИБ ќе престојува во нашата земја, која во рок од шест недели ќе посети различни институции и општини во земјата, по што ќе подготви извештај, што во месец октомври ќе му биде упатен на Бордот на директори на ЕИБ на одобрување.

Министерот Јанакиевски потенцираше дека кредитот што Владата сака да го земе од ЕИБ ќе претставува чиста донација за општините. -„ Нашата цел е ниедна општина да не биде изоставена од овие средства, при што приоритет би имале руралните средини во општините. Затоа значајно е општините да излезат со добри проекти, при што е потребно да се посвети внимание на делот за обезбедување на понатамошната одржливоста на овие системи, рече Јанакиевски. Тој додаде дека токму од овие причини соработката на МТВ и ЗЕЛС е значајна и е во интерес на граѓаните, при што укажано дека критериумите за распределба на средствата ќе бидат дополнително прецизирани меѓу ЗЕЛС, МТВ и ЕНБ.



# MUNDËSI TË HAPURA

## PËR PËRKRAHJEN E PROJEKTEVE LOKALE PËR NDËRTIM DHE REKONSTRUKTIM TË SISTEMEVE PËR KANALIZIME DHE UJËSJELLËS



Në hapësirat e BNJVL-së, më 15 korrik, v.2009, u mgbajt takimi i anëtarëve të Bordit drejtues të BNJVL-së dhe përfaqësuesve nga Ministria për transport dhe lidhje, të udhëhequra nga ministri Mile Janakievski. Bisedimet u koncetruan në vendosjen e bashkëpunimit të ndërsjelltë për kredinë të cilën Qeveria e kontrakton me Bankën Investuese Evropiane, në lartësi prej 50 milion euro, e planifikuar për përkrahjen e projekteve për ndërtim dhe rekonstruktim të sistemeve për kanalizim dhe ujësjellës në mjediset rurale të komunave.

„Në iniciativë të ministrit Janakievski, në këtë mbledhje anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së u njphën me qëllimet e Qeverisë së RM për t'u ndihmuar pushteteve lokale t'a rrisin kualitetin e shërbimeve ndaj qytetarëve të tyre në lëminë e përmirësimit të furnizimit me ujë dhe ndërtimin e sistemeve për kanalizim. Biseduam për zhvillimin e bashkëpunimit të ndërsjellë në këtë fushë veçanërisht, veçanërisht në çështje të caktuara të cilat kanë të bëjnë me atë se si komunat t'i paraqesin nevojat e tyre reale dhe për çka duhet të kushtojnë vëmendje gjatë përgatitjes së projekteve me qëllim që të sigurohet kredia , përkatësisht ajo të shfrytëzohet në mënyrë efikase dhe efektive" theksoi kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski menjëherë pas takimit. Përfaqësuesit e MTL treguan se deri te komunat kanë dorëzuar pyetësorë dhe udhëzim për plotësimin e tyre, informacionet e të cilave do të shfrytëzohen për përgatitjen e bazës për të dhëna për nevojat reale të komunave, si dhe për nivelin për përgatitjen e tyre për projektet e tyre nga kjo lëmi. Informuan se nga 27 korriku delegacioni i BIE do të qëndrojë në vendin tonë, i cili në periudhë prej 6 javësh do të vizitojë institucione të ndryshme dhe komuna në vend, me çka do të përgatis edhe raport, që në muajin tetor do t'i dërgohet Bordit të drejtorëve të BIE në miratim.

Ministri Janakievski potencoi se kredia të cilën Qeveria dëshiron t'a marrë nga BIE do të paraqesë donacion të pastër për komunat - „Qëllimi jonë që asnjë komunë të mos ngelë pa këto mjete, me çka prioritare do të jenë mjediset rurale në komunat. Prandaj është e rëndësishme që komunat të dalin me projekte të mira, me çka është e nevojshme që të kushtohet rëndësi në pjesën e sigurimit të qëndrueshmërisë së mëtutjeshme të këtyre sistemeve" tha Janakievski. Ai shtoi se pikërsiht nga këto arsye bashkëpunimi i MLT dhe BNJVl-së është i rëndësishëm dhe është në interes të qytetarëve, me çka u tregua se kriteret për ndarjen e mjeteve do të jenë do të precizohen në mënyrë plotësuese midis BNJVL-së, MTL dhe BIE.

# ЗЕЛС ЈА РАЗВИВА СОРАБОТКАТА НА КОМИСИИТЕ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ СО ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СОВЕТИТЕ И ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Согласно Акциониот план на ЗЕЛС за 2009, а во рамките на планираните активности со Комисиите за односи меѓу заедниците, во текот на месец јули, ЗЕЛС организираше две еднодневни работилници, на тема „Обуки за формирањето и мандатот на Комисијата за односи меѓу заедниците (КОМЗ)". На обуките присуствуваа претставници од советите и од локалната администрација од општинитекои беа запознаени со законските норми за формирањето на овие комисии, нивната улога, начинот и изборот на членови, обврските, соработката со други органи и тела во и надвор од општината, начинот на разрешување на евентуални конфликти во општината, односно за нивното целокупно значење и придонес што го имаат во развојот на локалната власт. Всушност ЗЕЛС освен што ја презема иницијативата за градење, зајакнување и поддршка на капацитетите на овие комисии преку организирање на семинари, работилници, изготвување на потребни прирачници, исто така презема и активности со кои ќе овозможи зајакнување на соработката на овие комисии со советите и со општинската администрација и градоначалниците. Согласно членот 55 од Законот за локална самоуправа, во општините каде има најмалку 20% од вкупниот број на жители на општината кои припаѓаат на одредена заедница, се формира Комисија за односи меѓу заедниците, која ја сочинуваат подеднаков број претставници од секоја заедница застапена во општината. Потоа општината со Статут го утврдува начинот на избор на членови и се утврдуваат прашањата кои ќе ги разгледува комисијата, а нејзините предлози, Советот на општината е должен да ги разгледа и да одлучи по истите. Комисиите придонесуваат за подобрување на меѓуетничките односи и мултиетничката демократија во нашата земја. Досега вакви комисии се формирани во 14 општин, а постои иницијатива да се формираат во уште 12 општини. Всушност веќе се пристигнати најави од овие општини дека комисиите ќе бидат формирани на првата следна седница на Советот на општината.



# BNJVL E ZHVILLON BASHKËPUNIMIN E KOMISIONONEVE PËR MARRËDHËNIE MIDIS BASHKËSIVE ME PËRFAQËSUESIT E KËSHILLAVE DHE ADMINISTRATËS KOMUNALE

Konform planin akcional të BNJVL-së për 2009, në kuadër të aktiviteteve të planifikuara me Komisionet për marrëdhënie midis bashkësive, gjatë muajit korrik BNJVL organizoi dy punëtori njëditore me temë „Trajnime për formimin dhe mandatin e Komisionit për marrëdhënie midis bashkësive (KMMB)". Në trajnime morrën pjesë përfaqësues nga këshillat dhe nga administrata lokale e komunave të cilat ishin të informuara për normat ligjore për formimin e këtyre komisioneve, roli i tyre, mënyra e zgjedhjes së anëtarëve, obligimet, bashkëpunimi me organe dhe trupa tjerë në komunë dhe jashtë saj, mënyra e zgjidhjes së konflikteve eventuale në komunë, përkatësisht për rëndësinë e tyre të përgjithshme dhe kontributin të cilin e kanë në zhvillimin e pushtetit lokal. Në të vërtetë BNJVL përveç se e ndërmerr iniciativën për ndërtim, përforcim dhe përkrahje të kapaciteteve të këtyre komisioneve në përmjet të organizimit të seminareve, punëtorive, përgatitjes së doracakëve të nevojshëm, gjithashtu ndërmerr edhe aktivitete me të cilat do të mundësohet përforcim i bashkëpunimit të këtyre komisioneve me këshillat dhe administratën komunale dhe kryetarët e komunave. Në pajtim me nenin 55 të Ligjit për vetëqeverisje lokale, në komunat ku ka më së paku 20% nga numri i përgjithshëm i banorëve të komunës të cilët i përkasin bashkësisë së caktuar, formohet Komision për marrëdhënie midis bashkësive, të cilën e përbëjnë numër i barabartë i përfaqësuesve nga secila bashkësi e përfshirë në komunë. Pastaj komuna, me statut e përcakton mënyrën e zgjedhjes së anëtarëve dhe përcaktohen çështjet të cilat i shqyrton komisioni, e propozimet e tyre këshilli i komunës është i obliguar ti shqyrtojë dhe të vendosë sipas të njejtave. Komisionet kontribuojnë për përmirësimin e marrëdhënieve ndëretnike dhe demokracisë multietnike në vendin tonë. Deri më tani komisione të këtilla janë formuar në 14 komuna, e ekziston iniciativë të formohen edhe në 12 komuna tjera. Në të vërtetë më veç kanë arritur lajmërime nga këto komuna se komisionet do të formohen në seancën e parë të ardhshme të Këshillit të komunës.



# ОТВОРЕНИ МОЖНОСТИ ЗА ВЗАЕМНА СОРАБОТКА И РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ОД МАКЕДОНИЈА И СЛОВЕНИЈА

Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски на 16 јули, 2009 година, во просториите на ЗЕЛС се сретна со министерката, Злата Плоштајнер, задолжена за локална самоуправа и регионален развој во Република Словенија. Претседателот Трајановски ја запозна Плоштајнер со структурата на ЗЕЛС, како единствена национална асоцијација на локални власти во нашата земја, со нејзините активности, со соработката што таа ја остварува со асоцијациите на локални власти од европските земји и земјите од Југоисточна Европа. При тоа потенцираше дека ЗЕЛС во март минатата година потпиша Меморандиум за соработка со Словенечката асоцијација на локални власти (СОС), што претставува чекор понапред во соработката на локално ниво меѓу двете држави, во однос на централната власт на ова поле. Тој укажа на развојот на процесот на децентрализацијата на власта во нашата земја и на потребата за црпење на словенечките искуства за негово надоградување и развивање. Изворите на финансирање на општините, креирањето на политиките за меѓуопштинската соработка и регионалниот развој, како и искористувањето на европските фондови, особено оние за меѓугранична соработка се областите на кои би можела да се темели натамошната соработка меѓу локалните власти од двете земји. Министерката Плоштајнер истакна дека меморандумот што беше потпишан меѓу двете министерства за локална самоуправа ја отвора можноста за продлабочување на соработка на многу полиња, а особено беше потенцирана експертската поддршка што Словенија, како земја членка на Европската Унија, може да ја обезбеди за Република Македонија во градењето на капацитетите на општините за искористувањето на средствата од ИПА фондовите.



# HAPJE TË MUNDËSIVE PËR BASHKËPUNIM RECIPROK DHE SHKËMBIM TË EKSPERIENCAVE TË PUSHTETEVE LOKALE NGA MAQEDONIA DHE SLLOVENIA

Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski më 16 korrik 2009, në hapësirat e BNJVL-së u takua me ministren, Zllata Plloshtajner, ministre për vetëqeverisje lokale dhe zhvillim regjional në Republikën e Sllovenisë. Kryetari Trajanovski e njoftoi Plloshtajner me strukturën e BNJVL-së, si asociacion të vetëm nacional të pushteteve lokale në vendin tonë, me aktivitetet e saja, me bashkëpunimin që ajo e realizon me asociacionet e pushteteve lokale nga vendet europiane dhe vendet nga Europa Juglindore. Më pas potencoi se BNJVL në mars vitin e kaluar firmosi memorandum për bashkëpunim me Asociacionin slloven të pushteteve lokale, që paraqet hap më lart në bashkëpunimin në nivel lokal ndërmjet dy shteteve, në raport me pushtetin qendror në këtë fushë. Ai tregoi në zhvillimin e procesit të decentralizimit të pushtetit në vendin tonë dhe në nevojën për marrjen e eksperiencave sllovene për mbindërtimin e tyre dhe zhvillimin. Burimet e financimit të komunave, krijimi i politikave për bashkëpunimin ndërkomunal dhe zhvillimi regjional, si dhe shfrytëzimi i fondeve europiane, veçanërisht ato për bashkëpunim ndërkufitar janë lëmitë të cilat mund të jenë kryesore në bashkëpunimin e mëtejmë ndërmjet pushteteve lokale nga të dy vendet. Ministrja Plloshtajner theksoi se memorandumi që ishte i nënshkruar ndërmjet dy ministrive për vetëqeverisjes lokale e mundëson hapjen për thellimin e bashkëpunimit në shumë fusha, dhe veçanërisht ishte potencuar përkrahja ekspertike që Sllovenia, si vend anëtarë i Bashkimit Europian, mundet ta siguron për Republikën e Maqedonisë npë ndërtimin e kapaciteteve të komunave për shfrytëzimin e mjeteve nga IPA fondet.



# СРЕДБА НА ВИЦЕПРЕМИЕРОТ НАУМОВСКИ СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗЕЛС

Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, на 17 јули, 2009 година се сретна со Вицепремиерот за европски прашања на Владата на РМ, д-р Васко Наумовски, во просториите на ЗЕЛС. Средбата се одржа на предлог на Вицепремиерот и се однесуваше на активностите на општините и нивниот придонес кон евроинтегративните процеси на нашата земја. На средбата присуствуваа градоначалниците од општините Аеродром, Пробиштип, Гевгелија и претставник од Општина Тетово. Во напорите на Владата за што побрз пристап во ЕУ и исполнувањето на зададените услови, Вицепремиерот истакна дека од голема важност е создавањето на квалитетна општинска администрација, при што укажа дека сите унапредувања, деградирања и отпуштања треба да се темелат на постоечки законски услови и процедури, а не како резултат на политичка припадност. Беше укажано дека секоја општина, каде ќе се случат одредени промени во административниот кадар, би било корисно да поднесе извештај до Секретаријатот за евроинтеграции со образложени причините за промената,се со цел Секретаријатот да може поподготвено да одговори на евентуалните забелешки од европските делегации. Исто така, тој потенцираше дека општините со своето транспарентно работење ќе помогнат во исполнувањето и на условот за сузбивањето на корупцијата во нашата земја, при што нагласи дека секој градоначалник на почеток на својот мандат, до Антикорупциската комисија задолжително треба да поднесе извештај за својата имотна состојба. Средбата заврши со најава за одржување на состанок на градоначалниците на општините со мешан етнички состав, во Владата на РМ, каде ќе се разговара на темата околу исполнување на одредбите од рамковниот договор од страна на локалните власти.

# TAKIM ME ZËVENDËS KRYEMINISTRIN NAUMOVSKI ME KRYETARIN E BNJVL-SË

Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, më 17 korrik, v. 2009 u takua me zëvendës kryeministrin Dr. Vasko Naumovski, në hapësirat e BNJVL-së. Takimi u mbajt në propozim të zëvendës kryeministrit dhe kishte të bëjë me aktivitetet e komunave dhe kontributet e tyre drejt proceseve eurointegrative të vendit tonë. Në takim morrën pjesë kryetarët e komunës së Aerodromit, Probishtipit, Gjevgjelisë dhe përfaqësues nga komuna e Tetovës. Në përpjekjet e Qeverisë për qasje sa më të shpejtë në UE dhe plotësimit të kushteve të dhëna, zëvendës kryeministri theksoi se rëndësi të madhe ka krijimi i administratës më kualitative të komunale, me çka tregoi se të gjitha avancimet, degradimet dhe pushimet duhet të themelohen në kushtet dhe procedurat ekzistuese ligjore, dhe jo si rezultat i përkatësisë politike. U tregua se çdo komunë, ku do të ndodhin ndryshime të caktuara në kuadrin administrativ, do të ishte e dobishme të dorëzohet raport deri te Sekretariati për eurointegrime me arsye të arsyetuara për ndryshim, me qëllim që Sekretariati të mund të përgatit përgjigje për vërejtjet eventuale nga delegacionet evropiane. Gjithashtu ai potencoi se komunat me punën e tyre transparente do të ndihmojnë në plotësimin edhe të kushtit për shmangijen e korupcionit në vendin tonë, me çka theksoi se çdo kryetar i komunës në fillim të mandatit të tij, deri te Komisioni Antikoruptiv domosdo duhet të dorëzojë raport për gjendjen e pronës së tij. Takimi u krye me lajmërim për mbajtjen e mbledhje së kryetarëve të komunave me përbërje të përzier etnike, në Qeverinë e RM, ku do të bisedohet në temë rreth plotësimit të dispozitave nga marrëveshja kornizë nga ana e pushteteve lokale.

Pastaj theksoi se në Sekretariat nga ana e delegacionit të komisionit evropian te ne nuk guxon të themelohen në politike, komunat duhet të kujdesen që ti përforcojnë kapacitetet administrative, ta respektojnë ligjin për nëpunësit shtetëror.

Gjithashtu, në këtë takim do të bisedohet edhe për respektimin e Ligjit për nëpunësit shtetëror.



# ЗЕЛС ДОНИРА ОПРЕМА

## ЗА СИМУЛТАН ПРЕВОД НА 29 ОПШТИНИ

ЗЕЛС потпиша договори со 29 општини од земјава, на кои им ја предаде во употреба опремата за симултан превод, што беше инсталирана во секоја од нив, а во согласност со уставот загарантираните права на граѓаните од етничките заедници за изразување на мајчиниот јазик, каде процентот на застапеноста на етничкото население е поголем од 20% од вкупниот број жители во општината. По тој повод на 17 јули, 2009 година во салата на Советот на општина Чаир, беше одржана завршна манифестација. На завршната свеченост присуствуваа голем број на градоначалници, гости, а поздравен говор одржаа претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, швајцарската амбасадорка, н.е. Никол Вирч, заменик министерот за локална самоуправа, Фарук Фератовски и градоначалникот на Општина Чаир, Изет Меџити.

„Со овој настан заокружуваме еден голем успех што го постигна ЗЕЛС, благодарение на финансиската подршка што ни ја даде швајцарската влада, преку Швајцарската агенција за развој и соработка, изјави Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, во својот говор одржан на свеченоста. Дваесет и пет општини: Боговиње, Брвеница, Бутел, Чаир, Чашка, Центар Жупа, Дебар, Долнени, Кичево, Куманово, Липково, Маврово – Ростуше, Петровец, Пласница, Сарај, Град Скопје, Сопиште, Струга, Студеничани, Теарце, Тетово, Врапчиште, Зајас, Зелениково и Желино од ЗЕЛС добија опрема за симултан превод на два јазика, а четирите општини, Шуто Оризари, Чучер - Сандево, Гостивар и Крушево, добија опрема за симултано преведување на три јазици.

-,,Ова е уште еден доказ дека ЗЕЛС и локалните власти покажуваат дека мултикултурализмот и мултиетничкото општество функционира во секојдневниот живот во нашата земја, на локално ниво, меѓу нашите граѓани. Ова е придонес на општините за побрзо остварување на одредбите на охридскиот договор и придонес на патот на побрзото евроинтегрирање на нашата земја, потенцира Трајановски. Тој исто така укажа дека ова не се единствените придобивки, туку дека тие се повеќекратни. Инсталирањето на опремата во голем број општини ќе придонесе за уште поголема ефикасност на советите и намалување на времетраењето на седниците, кои беа долги поради консекутивното преведување. Исто така средствата, кои требаше секоја од овие општини да ја издвои за набавка на опремата, сега ќе може да ги искористи за други потреби на граѓаните. Инсталираната опрема ќе може да ја употребуваат и невладините организации и општинските комисии за односи меѓу заедниците што ги подржува ЗЕЛС и кои се формираат исто така со цел реализација на со закон утврдените права на етничките заедници. Претседателот Трајановски им се заблагодари на швајцарската влада и на Швајцарската агенција за развој и соработка, а особено благодарност изрази до шефот на канцеларијата на СДЦ, Роман Дербелај, на кого на 15 јули му заврши мандатот и заминува во централата во Берн.

Швајцарската амбасадорка Никол Вирч, изрази големо задоволство од реализацијата на овој проект, истакнувајќи дека мултикултурализмот и милтиетичноста што постои во нашата земја е големо богатство за секој граѓанин. - ,,Задоволна сум што швајцарската влада даде скромен придонес и подршка кон реализацијата на овој проект, особено што швајцарија е земја во која мултилингвалноста е исто така застапена, па оттаму сосема го разбирам значењето што оваа опрема го има за секоја општина поединечно". Таа истакна пофални зборови за активностите на ЗЕЛС преземени околу реализацијата на овој проект, но и воопшто за сите активностии што ги спроведува на полето на обезбедувањето на подобри услуги на граѓаните од страна на локалните власти. На присутните им се обрати и заменик министерот за локална самоуправа,

### АРГЕТИМ ФИДА, ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ДЕБАР

Опремата за симултан превод што ја добивме од ЗЕЛС за Општина Дебар има повеќекратно значење. Најпрво заштеда на буџетски средства, кои и онака се многу мали. Всушност, јас уште во 2005 година сакав да обезбедам ваква опрема, согласно законските одредби, а и поради практични причини. Но направената анализа покажа дека за тоа ни се потребни најмалку 20 илјади евра. Тоа за нас се многу пари, особено што ја затекнав касата во минусно салдо од 800 илјади евра. Значи сега ЗЕЛС ни обезбеди да можеме да ги спроведеме и законските можности за говорење на свој мајчин јазик, ни овозможи заштеда на средства во буџетот кои ќе ги искористиме за други потреби за граѓаните и ни овозможи ,,маратонските,, седници на Советот на општината, кои траеја по шест, па и повеќе часови, да се одржуваат во покус временски период. Исто така и бројот на седниците ќе можеме да го намалиме, бидејќи во дневниот ред ќе можеме да ставаме поголем број на содржини за расправа. Нависина со обезбедувањето на опремата имаме повеќекратна корист и ние како општина а, и самите граѓани, кои ќе добијат уште поекспедитивен и поефикасен Совет.

















## САДУЛА ДУРАКУ, ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ЛИПКОВО

Опремата за симултан превод е од големо значење за Општина Липково. Иако во општината, околу 95% е албанско население, сепак имаме голем потреба од превод при организирање на многу настани на кои покануваме гости од другите општини од земјата, од државни институции, потоа при средби со меѓународни претставници кои доѓаат кај нас, како и од други соседни земји. Сакам да изразам голема благодарност до ЗЕЛС, што преку Швајцарската агенција за развој и соработка ни овозможи ваква опрема и ни овозможи заштеда од буџетските средства кои ќе ги намениме за други цели и проекти за потребите на нашите граѓани.



## БОРЧЕ МИТОВСКИ, ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Во општината 25% се албанско, 12 % бошњачко и 2% српско, ромско население и од други етникуми. Во општината немаме сала за Советот, па опремата ја



инсталиравме во ОУ „Кочо Рацин" каде всушност и ги одржуваме седниците. На тој начин имаме уште поголема полезност бидејќи опремата му ја даваме на располагање и на училиштето во кое наставниците и децата се од повеќе етнички заедници. Навистина убава донација од ЗЕЛС, и директна финансиска помош за општината, која според законските прописи ќе требаше да ја набави од својот буџет. Опремата ќе може да ја користат и членовите на Комисијата за односи меѓу заедниците.

кој потенцираше дека обезбедувањето на опремата навистина претставува голем чекор кон реализирањето на законските одредби на општините на патот за поефикасни совети и поефикасна локална самоуправа. Иземт Меџити, градоначалникот на Општина Чаир, каде се одржуваше настанот и исто така корисник на донацијата од ЗЕЛС истакна дека со ваквиот современ пристап и граѓанска промоција, која е во интерес на граѓаните, локалните власти прават голем чекор и придонес кон побрзиот пристап на нашата земја во Европската Унија.

Средствата за опремата, во износ од 27 милиони денари, претставуваат дел од директната буџетска помош што ЗЕЛС ја доби во септември, 2005 година од Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ) и кои беа предвидени во рамките на Програмата „Самостојност на ЗЕЛС и услуги", чија реализација се однесува на периодот 2007 -2010 година. ЗЕЛС целата постапка за инсталирање на опремата ја водеше транспарентно и отчетно. Во рамките на овој проект ангажираше експерти од Европската Унија кои направија увид во општинските простории каде ќе биде извршена инсталацијата по што на општините им доставија техничка документација со насоки какви измени и приспособувања треба да направат пред започнувањето на инсталирањето. Беше спроведена тендерска постапка, со помош на Комисија за јавни набавки, составена од градоначалници, претставници од СДЦ, ОБСЕ и Министерството за локална самоуправа. Испораката на опремата, според спроведената тендерска постапка им беше доверена на стручни лица од АД „Македонски Телеком", а инсталација на кабините ја вршеше фирмата „Дуна Комјутери".



# BNJVL U DONON PAJISJE
## PËR PËRKTHIM SIMULTAN 29 KOMUNAVE

BNJVL firmosi marrëveshje me 29 komuna të vendit, të cilave u'a dorëzoi në përdorim pajisjen për përkthim simultan, e cila ishte instaluar në çdonjërën prej tyre, në pajtim me të drejtat e garantuara me kushtetutë të qytetarëve të bashkësive etnike për të shprehurit në gjuhën amëtare, ku përqindja e përfshirjes së popullatës etnike është më e madhe se 20% nga numri i përgjithshëm i numrit të banorëve në komunë. Me këtë rast më 17 korrik, v. 2009 në sallën e Këshillave të komunës së Çairit, u mbajt manifestimi përfundimtar. Në solemnitetin përfundimtar morrën pjesë numër i madh i kryetarëve të komunave, misafirë, e fjalim përshëndetës mbajtën kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, ambasadorja zvicërane E.S. Nikoll Virç, zëvendës ministri për vetëqeverisje lokale Faruk Feratovski dhe kryetari i komunë së Çairit, Izet Mexhiti.

„Me këtë ngjarje rrumbullakësojmë një sukses të madh të cilin e arriti BNJVL, duke i falenderuar përkrahjes financiare të cilën n'a e dha qeveria zvicërane, nëpërmjet të Agjencionit Zvicëran për Bashkëpunim dhe Zhvillim" deklaroi kryetari i BNJVL-së Koce Trajanovski, në fjalimin e tij të mbajtur në solemnitet. 25

komuna: Bogovinja, Bërvenica, Buteli, Çairi, Çashka, Centar Zhupa, Dibra, Dollneni, Kërçova, Kumanova, Likova, Mavrova-Rostusha, Petroveci, Pllasnica, Saraji, Qyteti i Shkupit, Sopishta, Struga, Studeniçani, Tearca, Tetova, Vrapçishti, Zajazi, Zelenikova dhe Zhelina, nga BNJVL fituan pajisje për përkthim simultan në dy gjuhë, e katër komunat: Shuto Orizare, Çuçer-Sandeva, Gostivari dhe Krusheva, fituan pajisje për përkthim simultan në 3 gjuhë.

-,,Ky është edhe një argument se BNJVL dhe pushtetet lokale tregojnë se multikulturalizmi dhe shoqëria multietnike funkcionon në jetën e përditshme në vendin tonë, në nivel lokal, midis qytetarëve tanë. Ky është kontribut i komunave për realizimin sa më të shpejtë të dispozitave të Marrëveshjes së Ohrit dhe kontribut në rrugën e eurointegrimit më të shpejtë të vendit tonë" potencoi Trajanovski. Ai gjithashtu tregoi se këto nuk janë përfitimet e vetme, por se ato janë të shumëfishta, instalimi i pajisjes në komunat do të kontribuojë në efikasitet më të madh të këshillave dhe zvogëlimin e kohëzgjatjes së seancave, të cilat ishin të gjata për shkak të përkthimit konsekutiv. Gjithashtu mjetet, të cilat do të duhej që secila komunë t'i ndajë për furnizimin e pajisjes, tani do të mund ti shfrytëzojë për nevoja tjera të qytetarëve. Pajisjen e instaluar do të mund ta shfrytëzojnë edhe organizatat joqeveritare dhe komisionet komunale për marrëdhënie midis bashkësive të cilat i përkrah BNJVL dhe që formohen gjithashtu me qëllim të realizimit të të drejtave të përcaktuara me ligj të bashkësive etnike. Kryetari Trajanovski u falenderoi qeverisë zvicërane dhe Agjencionit Zvicëran për zhvillim dhe bashkëpunim, e falenderim të veçantë i shprehi shefit të zyres së SDC, Roman Derbellaj, të cilit më 15 korrik i kaloi mandati dhe kthehet në centralin në Bern.

Ambasadorja zvicërane Nikoll Virç, shprehi kënaqësi të madhe për realizimin e këtij projekti, duke theksuar se multikulturalizmi dhe multietniciteti që ekziston në vendin tonë është pasuri e madhe për çdo qytetar. -,,Jam e kënaqur që qeveria zvicërane dha kontributin e saj modest dhe përkrahjen për realizimin e këtij projekti, veçanërisht se Zvicra është vend në të cilin multilingualiteti është gjithashtu i përfshirë, e prej asaj veçanërsiht e kuptoj domethënien që kjo pajisje e ka për çdo komunë në veçanti". Ajo shprehi fjalë lavdëruese për aktivitetet e BNJVL-së të ndërmarra rreth realizimit të këtij projekti, por në



përgjithësi edhe për të gjitha aktivitetet të cilat i zbaton në fushën e shërbimeve më të volitshme për qytetarët nga ana e pushteteve lokale. Të pranishmëve i'u drejtua edhe zëvendës ministri për vetëqeverisje lokale, i cili potencoi se sigurimi i pajisjes paraqet hap të madh drejt realizimit të dispozitave ligjore të komunave në rrugë të këshillave më efikase dhe vetëqeverisje lokale më efikase. Izet Mexhiti, kryetar i komunës së Çairit, ku u mbajt ngjarja e gjithashtu edhe shfrytëzues i donacionit të BNJVL-së theksoi se kjo qasje bashkëkohore dhe promovimi qytetar, i cili është në interes të qytetarëve, pushtetet lokale bëjnë hap dhe kontribut të madh drejt qasjes sa më të shpejtë të vendit tonë në Unionin Evropian.

Mjetet për trajnim, në shumë prej 27 milion denarësh, paraqesin pjesë të ndihmës direkte buxhetore të cilën BNJVL e fitoi në shtator, v. 2005 nga Agjencioni Zvicëran për Bashkëpunim dhe zhvillim (SDC) dhe të cilat ishin parashikuar në suazat e programit ,,Pavarësi e BNJVL-së dhe shërbimet" realizimi i së cilës ka të bëjë në periudhën prej v.2007-2010. BNJVL tërë procedurën për instalim e bëri në mënyrë transparente. Në suazat e këtij projekti angazhoi ekspertë nga Unioni Evropian të cilët bënë këqyrje në hapësirat komunale ku do të kryhet instalacioni me çka komunave u dorëzuan dokumentacion teknik me kahje se çfarë ndryshime dhe aftësime duhet të bëjnë para fillimit të instalimit. U zbatua procedurë tenderike, me ndihmën e komisionit për furnizime publike, i përbërë nga kryetarët e komunave, përfaqësuesit nga SDC, OSBE dhe ministrisë për vetëqeverisje lokale. Porositja e pajisjes, sipas procedurës së zbatuar tenderike u ishte besuar personave profesional nga SH.A. ,,Makedonski Telekom", e instalimin e firmës e kreu firma ,,Duna Kompjuteri".

## ARGËTIM FIDA
## KRYETAR I KOMUNËS SË DIBRËS

Pajisjen për përkthim simultan që e morrëm nga ana e BNJVL-së për Komunën e Dibrës ka rëndësi të shumëanshme. Së pari kursim të mjeteve buxhetore, të cilat edhe ashtu janë të vogla. Në të vërtetë, unë që nga viti 2005 kam dashur të siguroja pajisje të tillë, konform dispozitave ligjore, por edhe për shkak të arsyeve praktike. Por analiza e bërë tregoi se për këtë na janë të nevojshme më së paku 20 mijë euro. Kjo për ne është shumë para, veçanërisht që e kam gjetur llogarinë komunale në minus prej 800 mijë euro. Do të thotë tani BNJVL na siguroi kursim të mjeteve në buxhetin të cilët do t'i shfrytëzojmë për nevoja tjera për qytetarët dhe na mundësoi seancat ,,maratonike" të Këshillit të komunës, të cilat zgjasnin nga gjashtë orë dhe më shumë, të mbahen në periudhë më të shkurtër kohore. Gjithashtu edhe numrin e seancave do të mundemi t'a zvogëlojmë, sepse në rendin e ditës do të mundemi të vendosim numër më të madh të përmbajtjeve për diskutim. Me të vërtetë me sigurimin e pajisjes kemi dobi të dyfishtë dhe ne si komunë, si dhe vetë qytetarët të cilët do të fitojnë Këshill më ekspeditiv dhe më efikas.

## SADULLA DURAKU,
## KRYETAR I KOMUNËS SË LIKOVËS

Pajisja për përkthim simultan ka rëndësi të madhe për komunën e Likovsë. Edhe pse në komunë, rreth 95% është popullatë shqiptare, përsëri kemi nevojë të madhe për përkthim simultan gjatë organizimit të shumë ngjarjeve në të cilat ftojmë misafirë nga shumë komuna të vendit, nga institucionet shtetërore, pastaj nga përfaqësuesit ndërkombëtar të cilët vijnë në vendin tonë, si dhe nga shtetet tjera fqinje. Dëshiroj t'i shpreh falenderim të madh BNJVL-së, që nëpërmjet të Agjencionit zvicëran për zhvillim dhe bashkëpunim n'a mundësoi pajisje të këtillë dhe n'a mundësoi kursim nga mjetet buxhetore të cilat do t'i dedikojmë për qëllime dhe projekte tjera për nevojat e qytetarëve tanë.

## BORÇE MITOVSKI,
## KRYETAR I KOMUNËS SË PETROVECIT

Në komunën e Petrovecit 25% e përbën popullata shqiptare, 12% boshnjake dhe 2% serbe, romë dhe etnitete tjera. Në komunë nuk ka sallë për Këshillin, por pajisjen e instaluam në SHF ,,Koço Racin" ku në të vërtetë edhe i mbajmë seancat. Në këtë mënyrë kemi akoma më shumë dobi sepse pajisjen e dhamë në dispozicion edhe shkollës ku arsimtarët dhe fëmijët janë nga bashkësi të ndryshme etnike. Me të vërtetë donacion i mirë nga BNJVL, dhe ndihmë direkte financiare për komunën, e cila sipas dispozitave ligjore do të duhet t'a furnizon me buxhetin e vet. Pajisjen do të mund t'a përdorin edhe anëtarët e Komisionit për marrëdhënie ndërmjet bashkësive.

# ПРОЕКТ НА ЗЕЛС ЗА ПОДГОТОВКА НА „ПРИРАЧНИК ЗА ИЗРАБОТКА НА ИКТ ЛОКАЛНИ СТРАТЕГИИ

Постоењето на стратегија за развој во Информатичко Комуникациско технологија (ИКТ), претставува се поголема неопходност за локалните власти во нашата земја, со цел поекспедитивно, професионално и квалитетно извршување на своите надлежност. Во согласно со Националната стратегија за развој на електронски комуникации со информатички технологии (2008 -20010), локалните власти до 1 јануари, 2010 треба да подготват свои локални ИКТ стратегии. Во тој контекст ЗЕЛС во Акциониот план за 2009 година, предвиде проект за изработка на ИКТ стратегии на локално ниво, кој опфаќа помош во подготовката на ИКТ стратегии за четири пилот општини и издавање на Прирачник за изработка на ИКТ стратегии. На почетокот на јуни беше објавен оглас за пријавување на заинтересираните општини, од кои по систем на лотарија ќе бидат избрани четирите пилот општини. На наше задоволство интересот за овој проект беше голем, односно се пријавија вкупно 42 општини. Од 17 јули, па се до крајот на август експертскиот тим, заедно со координаторот на Проектот од ЗЕЛС ќе посетат поголем број од пријавените општини или најмалку по две општини од секој регион. Тие на лице место ќе се запознаат со состојбите на локалните власти во оваа област, ќе пренесат одредени искуства, но истовремено ќе црпат информации за потребите на општините кои ќе им послужат при давањето на помош на четирите општини при изработката на локалните стратегии и подготвувањето на Прирачникот. Посетите започнаа со размена на информации во одделенијата за ИТ во општините од Скопскиот регион, Општина Аеродром и Општина Петровец и Градот Скопје. Се очекува Прирачникот да биде испечатен и поделен по општините кон крајот на октомври, оваа година.

# PROJEKT I BNJVL-SË PËR HARTIMIN E „DORACAK PËR PËRGATITJEN E TKI STRATEGJIVE LOKALE"

Ekzistimi i strategjisë për zhvillim në teknologjinë komunikative informartive (TKI), paraqet domosdoshmëri më të madhe për pushtetet lokale në vendin tonë, me qëllim kryerjen më ekspeditive, profesionale dhe kualitative të kompetencave të tyre. Në pajtueshmëri me strategjinë nacionale për zhvillim të komunikimeve elektronike me teknologji informative (2008 – 2010), pushtetet lokale nga 1 janari, 2010 duhet të përgatisin TKI strategji të veta lokale. Në këtë kontekst BNJVL në Planin akcionar për vitin 2009, parashikoiprojekt për përpunimin e TKI strategjive për katër pilot komuna dhe dhënien e Doracakut për përpunimin e TKI strategjive. Në fillim të qershorit ishte shpallur shpallje për paraqitjen e komunave të interesuara, të cilët me sistem të llotarisë do të jenë të zgjedhura katër pilot komuna. Në kënaqësinë tonë interesi për këtë projekt ishte i madh, respektivisht 42 komuna. Nga 17 korriku, dhe deri në fund të gushtit tipi ekpertik, së bashku me koordinatorin e Projektit nga BNJVL do të vizitojnë numër më të madh nga komunat e paraqitura ose më së paku nga dy komuna nga secili regjion. Ato në vend ngjarje do të njoftohen me gjendjet e pushteteve lokale në këtë lëmi, do të përcjellin përvoja të caktuara, por njëkohësisht do të shkëpusin informacione për nevojat e komunave që do t'ju shërbejnë gjatë dhënies së ndihmës të katër komunave gjatë përpunimit të strategjive lokale dhe përgatitjes së Doracakut. Vizitat filluan me këmbimin e informacioneve në seksionet për IT në komunat nga regjioni i Shkupit, Komuna e Aerodromit dhe Komuna e Petrovecit si dhe Qyteti i Shkupit. Pritet doracaku të jetë i botuar dhe i ndarë në komunat kah fundi i tetorit, këtë vit.

# ЛОГИН МЕНИТО ДОПОЛНЕТО СО БАНЕР ЗА Е-УЧЕЊЕ

ЛОГИН менито е дел од интернет страницата на ЗЕЛС – (www.zels.org.mk). Тој е поделен во неколку категории во кои се внесуваат документи на македонски, албански и на англиски јазик.

ЛОГИН менито ги содржи следниве категории: легислатива, библиотека, вести, фондови, евроинтеграција, обуки, календар и линкови.

Под ЛОГИН менито е внесен и нов банер што го најавува електорнското учење што ќе биде достапно од средината на оваа есен, во областите децентрализација во орбазование, урбанизам и градежништво и локална самоуправа. Библиотека, пак, е пакет од различни видови информации (документи) и е најобемната категорија по однос на бројот на внесени документи. Покрај текстови, во Библиотека може да се најдат и друг вид документи како слики, презентации, графикони, табели...

Во Библиотека можете да ги најдете актуелните теми како Виенската декларација за диви живеалишта во Југоисточна Европа чии потписник е и Република Македонија, документи и презентации за ИПА Програмите и нивното имплементирање во земјата, Националната стратегија за вработување со Акциониот план, Правилата за работа на месните заедници во општината, секторските упатства за оцена на влијанието врз животната средина, прирачници од различни области и многу други.

Корисниците на информациите од ЛОГИН базата на податоци се и главни извори на нови и употребливи за другите информации. Доколку сметате дека некој документ заслужува да биде прочитан и споделен со другите општини во Република Македонија и пошироко испратете го во ЗЕЛС и ќе биде поставен во категоријата Библиотека.

# LOGIN MENYJA E PLOTËSUAR ME BANER PËR E-MËSIM

LOGIN menyja është pjesë e internet faqes së BNJVL-së - (www.zels.org.mk). Ajo është ndarë në disa kategori në të cilën paraqiten dokumente në gjuhën maqedonase, shqipe dhe angleze.

LOGIN menyja i përmban këto kategori: legjislativa, biblioteka, lajmet, fondet, eurointegrimet, trajnimet, kalendari dhe linkët.

Ndër LOGIN menynë është vendosur edhe baner i ri i cili e paraqet mësimin eleltronik i cili do të jetë i afrueshëm në mes të kësaj vjeshte, në lëmitë e decentralizimit në arsim, urbanizëm dhe ndërtimtari dhe vetëqeverisje lokale. Biblioteka është paketë me lloje të veçanta të informacioneve (dokumenteve) dhe është kategoria më vëllimore sipas numrit të dokumenteve të futura. Krahas teksteve mund në Bibliotekë mund të gjenden edhe lloje tjera të dokumenteve siç janë fotografi, prezantime, grafikone, tabela...

Në Bibliotekë mund ti gjeni temat aktuale si deklarata e Vienës për vendbanime të egra të Evropës Juglindore nënshkrues i së cilës është edhe Republika e Maqedonisë, dokumente dhe prezentime për IPA Programet dhe implementimi në shtet, Strategjia nacionale për punësim me planin Akcional, rregullat për punën e bashkësive vendore në komunë, udhëzimet e sektorit për vlerësimin e ndikimit mbi mjedisin mjedisin jetësor, doracakë nga lëmi të ndryshme dhe shumë të tjera.

Shfrytëzuesit e informacioneve nga LOGIN baza për të dhëna janë edhe burimet kryesore të informacioneve tjera të përdorshme. Nëse mendoni se një dokument merriton të lexohet dhe të ndahet me komuna tjera nga RM dhe më gjërë dërgojeni në BNJVL dhe do të vendoset në kategorinë BIBLIOTEKA.




# СЕДНИЦА НА КОМИСИЈА ЗА ФИНАСИРАЊЕ И БУЏЕТ ПРИ ЗЕЛС

Комисијата за финасирање и буџет при ЗЕЛС, на шести, јули, во просториите на ЗЕЛС одржа состанок на кој беше презентиран работниот документ ,, Актуелни состојби со финансирањето на општините во Македонија:можни идни реформи" , изработен од Тони Левитас, меѓународен експерт. Образложувајќи ги моменталните проблеми со кои се соочуваат единиците на локалната самоуправа во областа на финансиите, г-дин Левитас посочи и можни решенија за нивно надминување. Најнапред ја презентираше направената анализа на структурата на ,,основни приходи" на општините во текот на изминатите три години, посочувајќи ги причините за сеуште тешкото анализирање на трендовите на расходите на општините од 2006 година па наваму. Потоа беа образложени можните насоки за реформи, со внесување на нови средства во системот( сопствени приходи, заеднички даноци, дотации). Во неговиот предлог за надминуваае на постоечките проблеми со финансирањето на општините тој предложи зголемување на уделот на општините од персоналниот данок од доход од постоечките 3% на 15 % , кое би било пропратено со нови правила за распределба на општата дотација. Според него најдобра мерка за мерење на релативното богатство на општините со која се располага во овој момент се приходите од персоналниот данок на доход и данокот на промет на недвижности и права. Во тој контекст како најважно правило според кое првата намена на општата дотација да биде воедначување на приходите на сите општини помеѓу 80 и 90 % од просекот пер капита приходи од персоналниот данок на доход и данок на промет на недвижности и права. Тој ја презентираше симулацијата на примена на правилото за распределба на општата дотација, така што општините би добиле средства за воедначување, еднакви на разликата помеѓу пер капита приходите во дадената општина од уделот од персоналниот данок од доход и три-годишниот просек од данокот на промет на недвижности и права и 90% од националниот просек од националниот пер капита приход од овие два данока. Забелешките од членовите на Комисијата за финансирање и буџет беа дека за да се преимени прикажаната методологија потребно е во старт зголемување на уделот од персоналниот данок на 15 % , што во овој период е потешко остварливо, особено во услови на економска криза. Што ја зафати и нашата држава. Истакната беше забелешка и во однос на предложените критериуми за распределба на остатокот на средствата од општата дотација, со оглед на тоа што параметрите на секоја општина се различни. На седницата градоначалникот на Општина Гостивар, Руфи Османи, предложи да се покрене иницијатива за измена на член 50 од Законот за финасирање на општините, со цел општините кои се веќе задолжени да можат да се задолжуваат , односно да земаат кредити со кои ќе можат да ги отплаќаат постоечките долгови што ги имаат. Членовите на Комисијата заклучија дека овој работен материјал ќе се разгледува на седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, по што ќе бидат доставени мислења и предлози по истиот.

# SEANCA E KOMISIONIT PËR FINANCIM DHE BUXHET PRANË BNJVL-SË

